МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

# ПОЛИТИКА ЗА ЕНЕРГИЈА НА АД МЕПСО

АД МЕПСО - Оператор на електропреносниот систем на Македонија како компанија за вршење на дејност од јавен интерес пренос на електрична енергија и управување со стабилен и доверлив електроенергетски систем презведе обврска да ја спроведува и постојано да ја унапредува Политика за енергија согласно барањата на стандардот ISO 50001:2011, и да ги согледува сите нејзини аспекти при донесување на долгорочните стратешки цели.

АД МЕПСО се залага за континуирано подобрување на енергетските перформанси, а при тоа не нарушувајќи ги работните процеси и работење. Оператор на електропреносниот систем на Македонија ја препознава потребата за подигнување на свеста и промена на односот кон одговорно користење на енергијата, во контекст на заложбите за намалување на емисиите на штетни гасови во животната средина и подигање на свесноста за значењето на заштитата на животната средина.

Од овие причини определбата на АД МЕПСО е воведување на процеси со висока енергетска ефикасност и најмодерни технологии докажани во практиката, набавка и користење на опрема и уреди со висока енергетска ефикасност, рационално користење на енергијата во погон и експлоатација на опремата и уредите, како и промовирање на заштеди на енергија во сите дејности и процеси во компанијата.

Во таа насока се обврзуваме на почитување на следните принципи :

- Посветеност на раководството за континуирано унапредување на Системот за менаџмент на енергија EnMS кој одговара на природата и обемот на користење и потрошувачка на енергија во компанијата,
- Определеност за континуирано подобрување на енергетските перформанси,
- Определеност за обезбедување достапност на информации и потребни ресурси за постигнување на енергетските општите и посебните цели,
- Определеност за усогласеност со важечки законски прописи и други барања на кои компанијата се обврзала, а кои се однесуваат на користење и потрошувачка на енергија и енергетска ефикасност,
- Обезбедување на рамка за утврдување и преиспитување на енергетските општи и посебни цели,
- Подршка на набвака на енергетски ефикасни производи и услуги, како и проектирање наменето за подобрување на енергетските перформанси,
- Подигање на свеста, одговорноста и максимална посветеност на сите вработени во процесите на имплементација, одржување, подобрување и преиспитување на Систем за менаџмент на енергија EnMS,
- Подигнување на свеста на нашите клиентите по прашањето на енергетската ефикасност, користењето и заштедата на енергија,
- Обуки и едукација на вработените за значењето на енергетската ефикасност, користењето и заштедите на енергија,
- Придонес кон националната политика за енергетска ефикасност и заштеди на енергија како и кон глобалната борба против климатските промени,

Сите вработени во Оператор на електропреносниот систем на Македонија се должни да ја спроведуваат Политиката за енергија на АД МЕПСО.

23.01.2018

Рев.2

Генерален директор

Сашо Василевски

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
СКОПЈЕ